Програма за едукација на лекари и медицински персонал во странство под покровителство на Министерствот за здравство на Република Македонија, имав прилика и чест периодот од 23 Ноември до 26 Декември 2014 година да ја поминам во универзитетската клиника Чапа – Џера Паша во Истамбул.

Програмот на едукација ни беше направен така да на мое задоволство да две недели поминам во ОИНТ за интензивна терапија и нега и две недели во ОН. Зградата во која што беа сместени овие две одделенија е стара навидум со мрачна сива фасада која не ветува многу. Меѓутоа внатрешноста пријатно ме изненади. Убави пространи и со пастелни бои ходници, мирно тивко и многу многу чисто. Со преставување и запознавање на персоналот особена чест ми направи приемот кај раководниот тим на одделението Проф. Јилдиз Перк, Доц. Назми Атаоглу и Проф. Мехмет Вурал. Првите две недели ги поминав во ОИНТ која брои само десет инкубатори, но со апаратура од врвен квалитет.

Ова е холот  во ОИНТ со сите помошни простории за потрошен материјал и резервна апаратура.



Ова е апарат за високо фреквентна механичка вентилација која нашите колеѓи ја работат со децении и со голем успех. Работат со фрекфенција од 535 респирации во минута без да имаат баротрауми и многу мал процент на хронична пулмонална дисплазија. Ова новороденче беше куриозитет на одделот и милениче во исто време, родено е од гемеларна бременост ST.POST IVF, во 26 недела со само 580 гр. Во тоа време беше веќе 800 гр. А при крај на мојата едукација во добра состојба беше испишано со 1200 гр.



Апаратурата која што е вредна за внимание е ЕЕЃ апаратот, со кој што се 24 часовно се следи мозочната функција и евентуално нејзините испади. Како и новиот ехо апарат со кој освен структурата на мозочниот паренхин се мери и индекс на систолен и диастолен притисок на A. Cerebri Medijana.

Она што мене најногу ме импресионираше е апаратот CooL Cap за превенција на интра кранијална хеморагија. Имав прилика да го научам принципот на работа кај четири новороденчиња со асфиксија а резултатите беа одлични. Ехо наодот кај сите четири новороденчиња беше уреден.



Всушност со овој апарат новороденчето се воведува во хипотермија во 33,5 степени целзјусови, со ставање на еден вид капа низ која што циркулира ледена течност. За еден час треба да се намалува за 05 степени тт, така да за неколку часа се постигне сакаката температура 33,5. Новороденитe се на бебу терм или инкубатор и во присуство на сета апаратура за интензивен мониторинг на виталните функции. Се очекува  за намалување од еден степен интензијата да се намалува 2 д о 3 милиметри живен столб што бара секако добра подготвеност на тимот да интервенира соодветно во дадената ситуација.



Новороденчињата кои што се на механичка вентилација се оксигенираат со микс од кислород  и NO Азот оксид со што се превенира хроничната пулмонална диспазија. Со голем успех ја спроведуваат ТПН кај ское новороденче со додавање освен вообичаената микстура додаваат и витамини, олигоелементи, соино масло, палмино масло со што се забрзува растот и развојот на новороденчето а пред се се превенира нек и регулира холестазата.  Припремата на ТПН во инзвонредно современа комора  кајде што се е стерилно,  каде што има пристап само оној што ја припрема и каде информацијата односно формулата за ТПН на соодветното новороденче ја добива компјутерски.  Откако  ќе се измиксираат сите супстанци , од миксерот се пакуваат во стерилни кесички за секое новороденче посебно, кои автоматски се складираат во портапл фрижидерче кое се транспортира со мини лифт  директно до одделот.  На оваа клиника годишно се раѓаат околу 20 000 новороденчина но само 2000 од нив се испишуваат од овде. Имено  ако е пополнет капацитетот  а на новороденчето му е потребен интензивен третман, после раѓање се транспортира во друга клиника која има ОИНТ.  Колеѓите се јавуваат во центарот за дистрибуцика кој е поврзан со сите клиники во Истамбул а такви имаат 80  и за триесетина минути доаѓа транспортно возило  и обучена екипа која го превзема новороденчето, го конектираат за машина и го транспортираат на клиниката каде има место.  За тоа време новороденчето е згрижено и евидентирано во дата базата и понатака каде и да се наоѓа истото, матичната клиника има увид во се што се случува со него.

Како фунционира екипата на оваа клиника. Од 8 до 11 часот специјалистите, асистентите и супспецијализантите и супспецијалистите ги обработуваат новороденчињата, се реализираат ехо прегледи, ег прегледи екг прегледи и други конзилијарни прегледи и се собрани сите резултати оти следувањата од инвестигациите кои се назначени од претходниот ден. Околу 11 часот во присуство на оваа екипа и професорите почнува визитата , која се состои во реферирање на состојбата на новороденчињата. Атмосферата е лежерна, пријатна, пријателска и трае 30 минути. За ова време се договараат инвестигации за утрешниот ден. ОН има 25 кревети . Новороденчињата се сместени во двокреветни пространи соби, во кои обавезно има и седечка гарнитура за фамилијата на родилката.



Ова е пнеувматскиот систем од цевки во која се ставаат епруветите со крв и под одреден пртитисок се транспортираат во лабараторија. Резултатите за многу кратко време за секое новороденче се враќаат од лабораторијата компјутерски и веднаш во досиетото на новороденчето се вметнуваат. Како и кај нас и таму причина за морбидитет и морталитет се конатални инфекции а веднаш после тоа се конгениталните малформации многу често мултипли и хромозомопатиите . Причина за ова е консангвинитетот кој во последно време парадокс , но вистина е во подем. Па не случајно еднаш неделно се состануваат акушери и педијатри заедно со брачниот пар , диоколку антенатално се детектираат кај новороденчето вакви состојби. На брачните парови им се објаснува за исходот и прогнозата и им се суѓерира фетоцит кој многу често родителите го одбиваат.







Од родилна и операциона сала новороденчето се донесува во просторијата за прием, стабилизација и транзиторна нега. Ако не се стабилизира за два часа се носи во икубатор, но доколку нема место, со специјализирано возило на претходно објаснетиот принцип, се носи во друга клиника каде што има ОИНТ. Ако новороденчето е во добра кондиција или било во респираторен РД но се стабилизирало за неколку часа, тогаш и се носи на мајката и веднаш се става на дојка. Се испишуваат новороденчињата за триесетина часа.




Dräger

Заклучок и мој впечаток

Работа има многу, но се доста организирани, со работна дисциплина на завидно ниво и почитувајќи ја хиерархијата ѓи добиваат посакуваните резултати и успеси.